Годишен Извештај

Сојуз на Извидници на Македонија

2024 година

Содржина

Членство и Структура 4
Извиднички Одреди 4
Старешинство на Сојуз на Извидници на Македонија 5
Секретаријат (Извршна Канцеларија) 7
Извиднички Центар Охрид 8
Национални активности 9
Крводарителска Акција 9
Централна Прослава 10
Сојузување 11
Редовно годишно собрание 12
Летен Камп 13
Изборно собрание 15
Волонтерска Забава 16
Интернационални активности 17
Measuring Impact:
With, For and By Youth Organisations??? 17
Тренинг за проектно планирање – Дел од SYSCPUC 18
AGORA 2024 18
Growth Event 3.0 19
3та Смотра на Сојуз на извидници на Федерација Босна и Херцеговина 20
Вештини за Живот 20
43 Светска Извидничка Конференција Египет 2024 21
Работен состанок во Хрватска 22
Форум за организациска одпорност 22
Green Belt explorers – Learn it, Live it, Promote it 23
Академија Полска 23
Форум за меѓународна соработка 2024 – европски извиднички регион 24
Граденње на капацитети 25
Обука за за борба против климатски промени и за заштита на животната средина 25
Школа за Водачи 26
ДОБРО УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА - ОСНОВНО НИВО 27
Тренинг за управување со проекти 28
Комерцијални активности 29
Односи со јавност 31
Дел од активностите на Одредите 33
Проектни Активности 39
Earth Tribe 39
Градиме Лидери – Девојки во акција 39

MIYO 40
Sunshine Summer Initiative - human rights for everyone 40
Министерство за животна средина и просторно уредување 41
SYSPUC 41
Физибилити Студии 42
Еколошка Реставрација 42
Тренинг за добро управување со животната средина - основно ниво 43
Млади Агенти на Промена 43
Боренка 44
Статиска на посетеност на настани 48
Финансиски Извештај 50
ПресКлипинг „Извидници“ 51

Членство и Структура

Извиднички Одреди

Пелагонија

1. Извиднички Одред Феникс – Прилеп
2. Извиднички Одред Скаут Пелистер – Битола

Вардарски Регион

3. Извиднички Одред Димитар Влахов – Велес
4. Извиднички Одред Авантуристи – Кавадарци

Источен Регион

5. Извиднички Одред Евинокс – Штип
6. Извиднички Одред Гоце Делчев – Свети Николе
7. Извиднички Одред Ластовица – Кочани

Североисточен Регион

8. Извиднички Одред Скаут – Куманово
9. Извиднички Одред Наум Наумовски – Борче – Крива Паланка

Југозападен Регион

10. Извиднички Одред Мирко Милески – Кичево
11. Извиднички Поречански Одред Пионер – Охрид
12. Извиднички Поречански Одред Крсте Јон – Струга

Полошки Регион

13. Извиднички Одред Калкан – Тетово

Скопје

14. Извиднички Поречански Одред Сидро
15. Прв Скопски Извиднички Одред
16. Извиднички Поречански Одред Галеб
17. Извиднички Поречански Одред Јадран
18. Извиднички Одред Методи Митевски – Брицо
19. Извиднички Одред Браќа Миладиновци
20. Извиднички Одред Даме Груев

Старешинство на Сојуз на Извидници на Македонија

Бобан Москов

Старешина на Сојуз на Извиднци на Македонија



Анастасија Костовска



Ана Плетварец



Виктор Гилев



Симеон Ангелов




Мартин Голчев



Јане Плавевски



Надзорен Одбор


Марјан Тодев
Претседател на НО
Филип Стојановски
Драгољуб Станојевски

Секретаријат (Извршна Канцеларија)

Снежана Јанковиќ

Генерален Секретар



Елисавета Лукановкса

Меѓународен Координатор на Сојуз на Извидници на Македонија



Срна Мајсторовиќ

Координатор на Програма

(До почеток на Февруари)



Дарко Тошиќ

Координатор на Проекти

(До средина на октомври)



Андреј Кузевски

Асистент

(Од почеток на Јуни)



Ева Блажевска

Асистент



Александар Мирчески

Асистент

(Од почеток на Мај)



Ивица Ангеловски

Директор на Извиднички центар Охрид



Упревен Одбор на Извиднички Центар Охрид

Зоран Марковски	Миќо Стојаноски	Ангелче Гушев	Јане Илиески	Тони Младеновски

Национални активности

Крводарителска Акција

Во чест на 22-ри февруари, Светскиот ден на извидниците, Сојуз на Извдиници на Македонија во Младински Центар – Матично денес успешно ја реализираше крводарителската акција во рамките на иницијативата „Направи добро дело“. Акцијата беше посветена на поттикнување на хуманоста и солидарноста во заедницата, а благодарение на сите хумани граѓани кои одвоија време и ја покажаа својата подготвеност да помогнат, постигнавме значителен успех.

Оваа акција е уште еден пример за тоа како малите добри дела можат да направат голема разлика и да спасат човечки животи.



Централна Прослава

На 24 февруари, Сојузот на извидници на Македонија, во соработка со Извиднички одред „Еквинокс“ – Штип како домаќини, ја организираше и успешно реализираше централната прослава по повод Светскиот ден на извидниците.

На манифестацијата присуствуваа повеќе од 500 извидници од 14 различни одреди ширум земјата, заедно со градоначалникот на Општина Штип, Иван Јорданов. Настанот беше свечено отворен во Домот на млади – Штип, со изведба на националната химна од страна на Градскиот камерен хор „Астибо“.

Настанот го поттикна духот на заедништво и дружба меѓу извидниците, овозможувајќи им да стекнат нови искуства и знаења. Посетата на културно-историските знаменитости придонесе за подлабоко разбирање на локалната историја, додека спортските активности ја промовираа важноста на физичката активност и тимската работа.

Со успешната реализација на оваа прослава, Сојузот на извидници на Македонија уште еднаш ја потврди својата посветеност кон промовирање на извидничките вредности и создавање позитивно влијание во заедницата. Благодарност до сите извидници, партнери и учесници кои придонесоа за успешноста на настанот.



Сојузување

Во периодот од 29-ти до 31-ви март 2024 година, во Извиднички Центар Охрид се одржа настанот „Сојузување 2024“, наменет за вмрежување и јакнење на одредите членки на Сојузот на извидници на Македонија. На настанот учествуваа **80 извидници од 17 различни одреди** ширум Македонија.

Иако траеше само три дена, настанот донесе значителни придобивки во вид на нови знаења, пријателства и идеи за унапредување на извидничката заедница.

Настанот „Сојузување 2024“ успешно ги поврза извидниците и им овозможи:

Да ги зајакнат меѓусебните односи и да ја унапредат комуникацијата меѓу одредите. Да ги споделат искуствата и идеите за подобрување на активностите и организацијата. Да ја постават основата за идни структурни и програмски подобрувања во рамки на СИМ.

„Сојузување 2024“ ја потврди важноста на ваквите настани за јакнење на извидничката заедница и отвори нови перспективи за развој. Благодарност до сите учесници за нивната активна улога, инспиративни идеи и придонес во богатите дискусии.



Редовно годишно собрание

На 2 јуни 2024 година, во Скопје се одржа редовното годишно Собрание на Сојузот на извидници на Македонија (СИМ), на кое учествуваа **56 делегати од 17 извиднички одреди**. Собранието беше значаен момент за анализирање на минатите успеси и планирање на идните активности, потврдувајќи ја важноста на заедничката работа и стратегиско размислување.

Клучни постигнувања на Собранието

1. Верификација на членство:

- Официјална верификација на полноправно членство на извидничкиот одред „Извиднички Одред Ластовица“.

2. Презентација и усвојување на годишниот извештај за 2023:

3. Статутарни измени:

- Извршени се измени со цел поефикасно функционирање на телата на СИМ и усогласување на организациските документи.

4. Презентација на новите извиднички дневници:

- Новите дневници беа презентирани и поделени на членовите, обезбедувајќи алатка за евиденција и планирање на извидничките активности.

Собранието претставуваше уште еден успешен чекор во зајакнувањето на извидничката заедница, поставувајќи цврста основа за идниот развој на организацијата.



Летен Кампˊ

Во период од 1 до 7 јули 2024 канцеларија на Сојуз на извидници на Македонија ја спроведе својата годишна активност Летен камп 2024 со симболичка рамка СИМски олимписки игри.

Кампот се одржа во Извиднички центар Охрид каде учество земаа 10 одреди, полноправни членки на СИМ и тоа со 139 извидници од категории развигорци и извидници заедно со своите водачи, 27 волонтери – извидници од категорија на Истражувачи и Ровери и целосна поддршка од канцеларија на СИМ со 6 луѓе.

Подготовките за летниот камп започнаа еден месец пред почетокот на кампот, каде главниот фокус се стави на логистиката, безбедноста за време на кампот пред, за време и по истиот и програма.



Државен Извиднички Ориентационен Натпревар

Во период од 10.10 до 13.10 2024 година во Манастирот во близина на градот Битола се одржа Државен извиднички ориентационен натпревар во организација на Сојуз на извидници на Македонија.

Подготовките за ДИОН започнаа еден месец пред настанот, како програмскиот така и логистичкиот дел околу самата локација на одржување на овогодинешниот ДИОН. На овај ДИОН активно земаа учество 94 натпреварувачи, 6 водачи, 26 волонтери, 5 луѓе од канцеларија на СИМ и 5 во комисија за натпреварот. Односно вкупно 136 луѓе.

Најуспешните оваа година беа:

Категорија извидници:

Прво место - Јадран 1

Второ место - ПСИО

Трето место - Гоце Делчев 2

Категорија истражувачи:

Прво место - Јадран 3

Второ место - Јадран 4

Трето место - Галеб 1

Категорија ровери:

Прво место - Јадран 6

Второ место - Браќа Миладиновци

Трето место - ИО Скаут



Изборно собрание

На 15-ти декември 2024 година, во просториите на Младински Центар Матично, се одржа **Изборното собрание** на Сојуз на извидници на Македонија. Овој значаен настан собра **97 делегати** од извидничките одреди ширум земјата, со цел избор на ново раководство на Сојузот.

Избрано раководство

Старешина на СИМ: Миќо Стојановски

Членови на Старешинството:

- Бобан Стојаноски
- Бојан Ѓошев
- Владимир Костовски
- Даниел Ангеловски
- Моника Спасовска
- Светлана Лукановкса

- **Членови на Надзорниот одбор:**
- Александара Стојаноска
- Бојан Неделковски
- Никола Спасовски

Изборното собрание претставуваше важен чекор во одредување на идниот правец на Сојузот на извидници на Македонија. Новото раководство презема одговорност да ги оствари зацртаните цели и да продолжи со зајакнување на извидничкото движење во земјата.



Волонтерска Забава

На 21 декември, во празнична атмосфера и со многу позитивна енергија, се одржа традиционалната Волонтерска забава 2024. Настанот беше можност да се оддаде признание на извидниците и волонтерите кои со својата неуморна работа и посветеност оставија значителен белег врз заедницата во изминатата година. Волонтерската забава беше вечер исполнета со моменти на гордост, забава и благодарност. Благодарение на волонтерите, нашата организација продолжува да ја гради својата мисија за позитивна промена и зајакнување на заедницата.



Интернационални активности

Measuring Impact:
With, For and By Youth Organisations???

На 22-ри февруари, по повод **Светскиот ден на извидниците**, во просториите на Европскиот Парламент се одржа значаен состанок кој ги обедини **80 едукатори, млади луѓе и политичари**. Настанот беше фокусиран на презентирање на резултатите од проектот кој го унапредува младинскиот активизам и образованието. Состанокот беше организиран под водство на **Маркета Сојдрова**, извидник од Чешка и потпретседател на **Комитетот за култура и едукација** на Европскиот Парламент. Овој настан претставуваше можност за меѓународна промоција на работата на СИМ и вклучувањето на македонските извидници во важни европски процеси. Благодарение на Ана, Срна и Моника, СИМ даде значаен придонес во успехот на проектот, претставувајќи го извидничкото движење како движечка сила за промени во општеството.



IMPACT YOUTH ORGANISATIONS

ИЗВИДНИЦИ СОЗДАВАМЕ ПОДОБАР СВЕТ

Тренинг за проектно планирање – Дел од SYSCPUC

На 6-ти март, во Црна Гора, претставници на **Сојузот на извидници на Македонија (СИМ)** учествуваа на **Тренингот за проектен менаџмент, финансирање и партнерства**, организиран како дел од проектот **SYSPUC** („Strengthening Youth Spaces and Participation for Underrepresented Communities“), поддржан од програмата **Еразмус+** на Европската Унија.Тренингот беше клучен за развојот на организациските капацитети и зајакнувањето на соработката помеѓу партнерските организации. Учеството на СИМ придонесе кон реализација на проектните цели и градење на поцврста извидничка мрежа во регионот.



AGORA 2024

Во период од 3 до 7 април во Шведска во извидничкиот центар Горансбург беше одржан настанот Агора. Агора е настан кој преку извидничкиот метод и мотото “од ровери-за ровери” се стреми да ги постигне едукативните цели за оваа возрасна група во извидничкото движење. Таму ќе се обработуваат проблематики кои се актуелни и атрактивни за роверите. Оваа едиција на Агора е дел од Еразмус + проектот: Earth Tribe (племе на планетата земја) кој во моментов е имплементиран од страна на Европски Извиднички Регион и е фокусиран на одржливост и животна средина.



Growth Event 3.0

На крајот од Април Дарко и Марко како претставници на Сојуз на извидници на Македонија (СИМ) учествуваа на важниот настан Growth Event 3.0, фокусиран на растот и развојот на извидничкото движење. Настанот собра 50 учесници од 26 земји, кои заедно истражуваа нови патишта за раст, иновации во извидничките модели и предизвици поврзани со извидништвото во недоволно претставени и новонастанати заедници. Учеството на Дарко и Марко на овој значаен настан беше од клучно значење за соработката со меѓународната извидничка заедница и за добивање на нови алатки и идеи кои ќе го поттикнат понатамошниот раст на извидничкото движење во Македонија. Благодарение на Growth Event 3.0, СИМ имаше можност да ги сподели своите искуства и да се упати кон нови иновации и стратегии за развој.



3та Смотра на Сојуз на извидници на Федерација Босна и Херцеговина

Во период од 15ти до 22ри јули се одржа 3та Смотра на Сојуз на извидници на Федерација Босна и Херцеговина на Борачко Језеро, контигентот на Сојуз на Извидници на Македонија кои го посетија овај настан броеше 30 извидници.



Вештини за Живот

Како дел од Еразмус проектот КА1 - Вештини за живот, се одржа младинска размена, финансирана од Европската Унија, која ќе се одржи во Ловинац, Хрватска. Млади од Хрватска и Македонија, на возраст од 14 до 17 години, имаа уникатна можност да учествуваат во различни програмски активности и едукативни работилници. Главната цел на размената беше да се зајакнат животните вештини на младите, да се развијат способности за тимска работа, лидерство и решавање на проблеми.



43 Светска Извидничка Конференција Египет 2024

43 Светска извидничка конференција се одржа во Каиро, Египет, од 17 до 23 август 2024 година. Домаќин на конференцијата беше Египетската федерација за извидници и водичи, и собра над 2.000 учесници од 176 земји. Оваа конференција означи значаен момент за Светската организација на извидничкото движење (WOSM), што е првиот настан на глобално ниво од 2017 година.

Конференцијата се фокусираше на поставување стратешки насоки за иднината на извидништвото, вклучително и усвојување на нова визија и долгорочна стратегија. Делегатите разговараа за прашањата со кои се соочуваат младите луѓе ширум светот, вклучително и одржливоста и глобалните предизвици. Клучен момент за сите нас кој беше прославен за време на настанот беше растот на членството на извидништвото кое достигна рекордни 57 милиони.

Претставници на Сојуз на извидници на Македонија кои беа дел од конференцијата

1. Бобан Москов, Старешина на Сојуз на извидници на Македонија
2. Ана Плетварец, Член на Старешинство на Сојуз на извидници на Македонија
3. Снежана Јанковиќ, Генерален секретар на Сојуз на извидници на Македонија
4. Елисавета Лукановска, Меѓународен комесар на Сојуз на извидници на Македонија



Работен состанок во Хрватска

Во период од 20-ти до 22-ри септември се одржа работен состанок во просториите на Сплитскиот скаутски сојуз каде се состанаа претставници од сојузите на извидници на Македонија, Хрватска, Црна Гора и Босна и Херцеговина на кој се разговараше и се споделуваа позитивни практики како Боренка но и планови за идни заеднички програми кои ќе придонесат на раст и видливост на извидниците.



Форум за организациска одпорност

Во период од 9-13 октомври во младинскиот центар во Стразбур се одржа форум за организациска отпорност организиран од Европски Регион на Светска Извидничка Организација. На форумот имаше учесници од 17 земји и тоа Азербеџајн, Бугарија, Хрватска, Чешка, Данска, Финска, Германија, Грција, Ирска, Косово, Македонија, Полска, Португалија, Шведска, Швајцарија, Украина и Обединето Кралство. Тимот на предавачи се состоеше од Catarina (Португалија), Steven (Ирска), Celia (Грција) и Rupert (Швајцарија), подржани од Lisa (European Youth Foundation) како и Wouter (European Scout Foundation). Учесници од СИМ: Ана Плетварец (ИО „Феникс“ / член на старешинство на СИМ) и Моника Спасовска (ИО „Скаут“ – Куманово)



Green Belt explorers – Learn it, Live it, Promote it

Во средината на октомви нашиот генерален секретар имаше работен викенд во Латвија каде беа присутни 80 луѓе од повеќе од 60 организации каде што беше промовирана Грин Белт програмата што е финансирана од страна на Еуро Натур. Сојуз на извидници на Македонија во текот на наредните две години ќе биде дел од оваа програма каде што заедно со Сојуз на извидници на Србија и Сојуз на ивидници на Црна гора ќе организираат и ќе ги промовираат вредностите на Грин Белт.



Академија Полска

Во периодот од 22до 27 ноември во Краков, Полска, се одржа Академијата – годишен собир на извиднички и водички лидери од цела Европа и пошироко. Настанот претставува можност за учење, размена на искуства и развивање на нови идеи кои придонесуваат за јакнење на капацитетите на националните организации.Учеството на Академијата овозможи нови партнерства и можности за идни заеднички проекти, кои ќе придонесат за понатамошен развој и подобрување на извидничките програми во нашата земја.



Форум за меѓународна соработка 2024 – европски извиднички регион

Од 6-ти до 8-ми декември 2024 година, во Малта се одржа Форум за Интернационални Комесари (IC Forum 2024), кој обедини 150 учесници од извиднички организации од целиот европски регион. Настанот, кој е заедничка иницијатива на WOSM и WAGGGS, претставуваше можност за размена на искуства, дискутирање за идни иницијативи и зајакнување на меѓународната соработка меѓу извидниците. Сојузот на извидници на Македонија (СИМ) беше претставен од нашиот комесар за меѓународна соработка, Елисавета Лукановска, која беше дел од организацискиот тим на настанот. Тимот, составен од претставници на различни организации, беше одговорен за логистичката и програмската подготовка, како и за реализација на сесиите.



Граденње на капацитети

Обука за за борба против климатски промени и за заштита на животната средина

Во периодот од 13-ти до 16-ти јуни 2024 година, Сојузот на извидници на Македонија организираше настан со фокус на борбата против климатските промени и заштитата на животната средина. Настанот опфати обука и активности кои го поддржуваат приоритетот на Еразмус+ за зелена агенда и одржливост. На оваа активност учество земаа 50 извидници од 10 различни извиднички одреди.

Овој настан ја нагласи важноста на едукацијата и акцијата во борбата против климатските промени и промоцијата на одржлив начин на живот. Учесниците заминаа со нови знаења, практични искуства и инспирација за идни активности во своите заедници



Школа за Водачи

Во период од 25 до 31 август 2024 се одржа овогодишната Школа за водачи во организација на Сојуз на извидници на Македонија.

Школата се одржа во Извиднички центар Охрид, на која активно учество земаа 18 извидници од 9 одреди, 8 волонтери од категорија на Ровери со поддршка од 3 луѓе од канцеларија на СИМ.

Подготовките за школата започна еден месец пред почеток на школата, како програмскиот дел така и логистичкиот дел каде се посвети време за обезбедување на локација за учесниците. „Школата за водачи 2024“ претставуваше одлична можност за младите извидници да се издигнат како идни лидери во своите одреди. Со стекнатите знаења и искуства, тие се подготвени да преземат нови предизвици и да придонесат кон зајакнување на извидничката заедница.




ДОБРО УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА - ОСНОВНО НИВО

Во период од 15 до 17 се одржа тренинг на тема добро управување со животна средина. На овај настан беа присутни 20 учесници од вкупно 8 одреди од Македонија. Проектот беше поддржан од ОБСЕ со тоа и започна и соработката со СИМ и ОБСЕ и се разговараше за идни можни соработки.



Тренинг за управување со проекти

Од 6ти до 9ти декември, во Извиднички центар Орел во Свети Николе, Сојузот на извидници на Македонија го организираше и спроведе тренингот за управување со проекти. Учесници на возраст од 16 до 26 години имаа можност да ги зајакнат своите вештини за планирање, пишување и управување со проекти.Како тренер на овај тренинг беше Павел Трантина од WOSM services. Воедно се спроведе и дел од проектот Градиме лидери: Девојки во акција е дел од активноста „Girls-led youth community actions“ кој го имплементира Сојуз на извидници на Македонија, а е во рамки на проектот „Еднакви можности за девојчиња и млади жени во Северна Македонија“, спроведен од Национален младински совет на Македонија - НМСМ и Stella Network со финансиска поддршка од Британска Амбасада Скопје.



Комерцијални активности

Сојузот на извидници на Македонија, со своето долгогодишно искуство во организирање забавно-едукативни активности и со ресурсите со кои располага, во 2024 година продолжи со понудата на team building услуги за компании од приватниот сектор. Оваа година, Секретаријатот на СИМ разви база на активности кои самостојно ги организира и спроведува, со цел да им помогне на компаниите во зајакнување на тимската работа, вмрежување и подобрување на комуникацијата меѓу вработените. Овие активности придонесуваат кон градење на позитивна конкуренција, натпреварувачки дух, поттикнување на креативноста и подобра соработка во работната средина. Во моментов, Секретаријатот на СИМ работи на создавање унифициран каталог со целосна понуда на активности, кои се иновативни и се прилагодуваат според потребите и преференциите на заинтересираните компании.

Во прилог фотографии со некои од комерцијалните активности на СИМ во 2024 година.








Вело-Родео

Во соработка со Вело Училишта

Отворен ден на Американска алумни асоцијација





Комерцијална Банка







DHL

Односи со јавност

Средба со Министерката Јованка Тренчевска по повод успешната иницијатива “Walk And Talk” која беше подржана од Министерство за труд и социјална политика.




Средба со претставници од Амбасада на САД





Средба со претставници од Амбасадата на Украина





Работни состаноци со Диркеторот и вработените во ЈП Национални Шуми






Дел од активностите на Одредите



Извиднички Одред Еквинокс

Активност:Полагање на вештарство Готвач



Извиднички Одред Феникс


8-ми Традиционален одредски камп



Извиднички Одред Мирко Милески

Извиднички Поречански Одред Крсте Јон

Меѓуодредски зимски камп



Прв Скопски Извиднички Одред

Есенски Бивак


Извиднички Поречански Одред Галеб

Одредски Состанок на Лизгалиште



Извиднички Одред Димитар Влахов

Есенски Едукативен Камп



Извиднички Поречански Одред Јадран

Есенски Излет

Извиднички одред Скаут

Одбележување на ден на младите





Извиднички Одред Гоце Делчев

Одбележување на Октомври – месец на подигање на свеста за рак на дојка

Извиднички Одред Браќа Миладиновци

Зимски Камп

Извиднички Езерски Одред Пионер

Отворен Ден






Извиднички Одред Авантуристи

Хуманитарна Акција




ИЗВИДНИЦИ
СОЗДАВАМЕ ПОДОБАР СВЕТ



Проектни Активности

Сојузот на извидници на Македонија континуирано вложува напори во реализација на проекти со цел создавање нови можности за младите. Овие активности вклучуваат поддршка на локални





иницијативи, организирање на едукативни настани, како и зајакнување на капацитетите на членовите и младинските лидери. Истовремено, се работи на подобрување на организациската структура и долгорочен развој.


Earth Tribe

Како дел од проектот Earth Tribe во изминатава година се реализираа повеќе активности во повеќе делови од годината.Започнавме со предизвикот Earth Tribe кој беше наменет за сите членови на СИМ каде се правеа скулптури,куќарки и други предмети од рециклирани материјали каде што после завршениот предивизк секој си добиваше одредена награда. Овај предзивик траеше до завршувањето на годината. Потоа продолживме и со ReEnergize каде во текот на целото лето

промовиравме и вршевме обуки со цел зачувување на природата. И на крај како дел од овај проект имавме и пошумување на опожарени подрачја каде пошумувавме во Кокино..

Градиме Лидери – Девојки во акција

Овај проект беше со цел да се детектираат специфичните потреби и предизвици на младите девојки во пет општини преку 3 еднодневни собири, а потоа да се организира викенд на тема управување со проекти, кој ќе им помогне да развијат лидерски и менаџерски вештини. Целта е да се позиционираат девојките на повисоки лидерски и менаџерски позиции во локалните извиднички одреди и заедници.



Во рамките на проектните активности беше изработена методологија за мерење на влијанието на извидништвото и придобивките од примената на извидничкиот метод. Истата е беше имплементирана во шест држави, овозможувајќи систематска евалуација на резултатите.

Дополнително, беа организирани фокус-групи со цел детално анализа и проценка на влијанието на извидништвото врз младите и заедницата. Собраните податоци ќе послужат како основа за понатамошен развој и унапредување на програмските активности.

Ukrainian Summer Initiative - human rights for everyone

Во период од 19.08.2024 до 02.09.2024 канцеларијата на Сојуз на извидници на Македонија во соработка со Украинска Амбасада во Македонија а со поддршка Американска Амбасада одржа летен

камп за деца од Украина насловен „Sunshine Summer Initiative - human rights for everyone“. Кампот се одржа во Извидничкиот Центар Охрид и во него учествуваа 42 деца на возраст од 12 до 17 години, 8 возрасни координатори, 9 волонтери и 3 луѓе од канцеларија.

Министерство за животна средина и просторно уредување

Проектот Боренка 2024, реализиран со поддршка на МЖСПП, имаше за цел зајакнување на еколошката свест кај младите преку низа активности. Во пет региони беа спроведени чистечки акции, пошумување и едукативни работилници. Учествуваа над 1000 деца и 100 млади лидери, кои преку интерактивни методи стекнаа знаења за заштита на животната средина. Проектот придонесе за унапредување на еко-свеста и активната вклученост на младите во заштитата на шумите.

SYSPUC

Проектот ја унапреди работата на организацијата преку развој на клучни политики за безбедност, вклучување на возрасни во извидништвото и стратешко планирање. Спроведена е ревизија на програмата за млади и тренинг рамката, со фокус на зајакнување на капацитетите на одредите и СИМ. Истовремено, овозможен е поголем пристап до маргинализирани заедници преку адаптација и имплементација на извидничката програма. Дополнително, придонесовме за национално признавање на извидничкиот метод како неформално образование.



Физибилити Студии

Проектот има за цел изработка на физибилити студии за пренамена на објекти во сопственост на локалната самоуправа и државата во културни и младински центри на општинско ниво. Студиите опфаќаат идентификација на потенцијални напуштени или некористени објекти, анализа на можностите за нивна пренамена, финансиска проекција и предлог намена базирана на дефиниран концепт. Преку овој процес, се обезбедува јасен патоказ за повторно искористување на ваквите простори, со фокус на создавање достапни локации за младински и културни активности. Ова ќепридонесе кон ревитализација на заедницата, намалување на централизацијата и зачувување на историската архитектура.

Еколошка Реставрација

Главна цел на пректот е да се обезбеди поквалитетен амбент на воздух во опожарени подрачја и да се подигне еколошката свеснст на младата генерација за важноста на заштитата на животна средина и уништувањето на шумите преку неформалното образование и волонтерски ангажман за справување со националниот проблем.

Тренинг за добро управување со животната средина - основно ниво

Во период од 15 до 17 се одржа тренинг на тема добро управување со животна средина. На овај настан беа присутни 20 учесници од вкупно 8 одреди од Макеоднија. Проектот беше поддржан од ОБСЕ со тоа и започна и соработката со СИМ и ОБСЕ и се разговараше за идни можни соработки.

Млади Агенти на Промена

Оваа година за Млади Агенти на Промена се направија уште 18 нови иницијативи во разлилни општини низ Македонија односно во Кичево, Гостивар, Куманово, Скопје и многу други. Со целосна поддршка на малите локални иницијативи преку механизам на регрантирање и менторирање, со ова успешно се заврши проектот кој траеше 3 години.


3000+ ВОЛОНТЕРИ
91 000+ САДНИЦИ
ПОШУМЕНИ 250 000 m2
БОРЕЊА!
100+ ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ
15 000+ ДЕЦА
ПРОГРАМА ЗА ПОШУМУВАЊЕ ОПОЖАРЕНИ ШУМСКИ ПОВРШИНИ
СО ВАШАТА ПОДДРШКА МОЖЕМЕ ДА НАПРАВИМЕ УШТЕ ПОГОЛЕМА ПРОМЕНА, ДА ВКЛУЧИМЕ СТОТИЦИ НОВИ ВОЛОНТЕРИ И ДА ЗАСАДИМЕ ИЛЈАДНИЦИ НОВИ ДРВЈА

Боренка 2024 – 3-та есенска сезона вклучува период од септември до декември, кога се реализирани акции за пошумување на опожарени подрачја во Будинарци (Берово), Шехчево (Пехчево) и Кокино (Куманово). За време на овие акции, засадени се 36.000 садници на површина од 12 хектари, со учество на повеќе од 800 волонтери. Во рамки на сезоната, се организирани 6 акции. Од основањето на Боренка во 2022 година, досега се засадени вкупно 91.000 садници на 25 хектари, а мобилизирани се повеќе од 2.500 волонтери. Клучни акции оваа сезона вклучуваат акцијата во Будинарци со поддршка на Комерцијална банка и ученици од гимназијата „Ацо Русковски“ – Берово, првата акција во Шехчево со Национални шуми – Пехчево и АРМ, и акцијата во Кокино заедно со ЛАДНА, на која беа засадени 6.000 нови садници. Завршната акција на 5 декември, по повод Светскиот ден на волонтерите, беше најголема, со учество на 200+ волонтери и засадување на 7.000 садници на 3 хектари опожарена површина. Боренка е дел од глобалната иницијатива Earth Tribe, поддржана од Европската Унија и имплементирана од Европскиот извидnички регион и Светската извидничка организација.

ГЛАВНИ ПО**БОР**НИЦИ НА БОРЕНКА ЗА 2024

ЛАДНА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО УРЕДУВАЊЕ

МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ И ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Зелени по**БОР**ници

Комерцијална Банка АД Скопје

Пријатели на Боренка

Триглав **Марс**





Еки






Волонтер на Годината



Статиска на посетеност на настани

Национлани Настани	Учествувале
Централна Прослава 22-ри Февруари	450 учесници
Сојузување 2024	80 учесници
Редовно Годишно Собрание	62 учесници
Летен Камп	139 учесници
ДИОН	136 учесници
Изборно Собрание	109 учесници
Волонтерска Забава	150 учесници
Тренинг за Тренири Крушево	22учесници
Тренинг за Тренери Свети Николе	25 учесници
Школа за Водачи	26 учесници (18учесници со 8 волонтери)
Обука за Управување со Животна средина ИЦО	50 учесници
5-ти Декември Ден на волонтерите	100 учесници
Вкупно:	1349 учесници

ПОСЕТА НА НАСТАНИ ОД СТРАНА НА ОДРЕДИ



ПРИХОДИ	
БУЏЕТСКА СТАВКА	**СУМА**
ЧЛЕНАРИНИ	400000
КОМЕРЦИЈАЛНИ УСЛУГИ кошули, приколки, бифе, тим билдинг	1006900
НАСТАНИ	2257022
ПРОЕКТИ	11606389
ПОВРАТ НА СРЕДСТВА по разни основи	1727825
ВКУПНИ ПРИХОДИ	**16998136**



РАСХОДИ	
БУЏЕТСКА СТАВКА	**СУМА**
ВКУПНИ РАСХОДИ	***11 527 457***
Човечки ресурси **Плати, надоместоци и хонорари (проекти)**	2 473 577
Настани **Национални и интернационални**	**3 584 365**
Канцеларија **Опрема, потрошен материјал, возило**	**1 010 608**
Членство **кошули и платформа за регистрација**	**313 386**
Администрација **Провизии, сметководство, членарини**	**115 559**
Девизни одливи **WOSM, европски и светски настани**	**661 901**
Пренос на средства за кофинансирање	**1 680 487**
Поврат на долгови	**1 687 574**



ПресКлипинг „Извидници“

Медиумска покриеност: Сојуз на извидници на Македонија

Извор: Интернет-онлајн сервиси на национални телевизии, дневни весници, неделни магазини, портали за вести, социјални мрежи

Јазик на оригиналните статии: македонски, англиски,украински

Дата на сите записи: 2024 година

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
1	**Nova.TV** **Тренчевска на средба со извидници: Само на таков начин се прават промени во општеството, а иднината останува на кого ако не на вас младите**	Министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска денеска се сретна со претставниците на извидниците кои беа дел од тимот кој ја спроведуваше глобалната иницијатива „Walk and Talk“ во нашата држава. Иницијативата беше спроведена од страна на МТСП во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ и Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи. Линк до веста/извор	11.01.2024
2.	**sitel.com.mk** **Тренчевска: Успешно завршуваат самоиницијативите кои почнуваат со амбициозни и посветени партнери**	Министерката Тренчевска и извидниците на средбата разговараа за собраните искуства и посочените потреби на младите од настаните кои беа организирани, замислени како пешачки тури. Линк до веста/извор	11.01.2023

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
3.	**centar.mk** **Успешно реализирана првата работилница за Граѓанска наука**	**Извидничката Снежана Јанковиќ истакна дека пријатната атмосфера која беше присутна за време на настаните гарантираше безбеден простор за секој млад човек да може да ги истакне предизвиците со кои се соочува и понекогаш дури и да сподели решение кое може да им користи и на другите присутни.** Линк до веста/извор	11.01.2024
4.	**bankarstvo.mk** **БанкиКомерцијална банка како „Зелен поборник“ ќе пошумува и ќе едуцира**	Комерцијална банка во соработка со Сојузот на извидници на Македонија станува горд „Зелен поборник“ во рамките на најголемата волонтерска иницијатива „Боренка“. Во општествената одговорност како успешна приказна на Банката, оваа година се посветуваме и на пошумување опожарени подрачја во земјава со цел поздрава и почиста животна средина. Линк до веста/извор	06.02.2024
5.	**Vecer.press** **Играчки, реквизити и храна за кучињата во ЈП „Лајка“**	Изминатава сабота, на отворениот ден во јавното претпријатие „Лајка“, во посета биле извидниците од First Scout Unit of Skopje за да се запознаат со неговата работа и со кучињата кои во моментов се наоѓаат во прифатилиштето.	12.02.2024

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
		Извидниците од First Scout Unit of Skopje, традиционално, го одбележуваат Светскиот ден на извидниците, 22 Февруари, со хуманитарна акција. Годинава, одлучија да им ја посветат на кученцата од ЈП „Лајка“. – Извидниците, по повод овој настан, донираа играчки, реквизити и храна. Нашите драги гости имаа можност да се запознаат со работата на претпријатието и со нашите кученца, со кои поминаа неколку часа во игра – соопштија од ЈП „Лајка“. Линк до веста/извор	
6.	**pari.com.mk** **Комерцијална банка како „Зелен поборник“ ќе пошумува и ќе едуцира**	. Комерцијална банка во соработка со Сојузот на извидници на Македонија станува горд „Зелен поборник“ во рамките на најголемата волонтерска иницијатива „Боренка“. Во општествената одговорност како успешна приказна на Банката, оваа година се посветуваме и на пошумување опожарени подрачја во земјава со цел поздрава и почиста животна средина. Линк до веста/извор	13.02.2024
7.	**nezavisen.mk**	Како „Зелени поборници“ ќе пошумуваме, но и ќе едуцираме. Верверичката на Комерцијална банка преку едукативни работилници ќе ги учи децата од	13.02.2024

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
	Комерцијална банка како „Зелен поборник“ ќе пошумува и ќе едуцира	предучилишна и училишна возраст зошто шумата значи живот. Подигнувањето на свеста за зачувување на животната средина и одговорното однесување кон природата бара вклученост и придонес од сите нас. Линк до веста/извор	
8.	**radiomof.mk** **Сојузот на извидници со различни акции и настани го прославува февруари**	Сојузот на извидници на Македонија (СИМ) и оваа година го одбележува светскиот ден на извидниците и го прославува февруари – месецот во кој е роден основачот на извидништвото – Лорд Роберт Баден – Пауел. По тој повод на 22 февруари ќе се одржи крводарителска акција во Скопје во младинскиот центар Матично од 11 до 18 часот, а на 24 февруари ќе има централен настан за прослава на денот на извидниците. Настанот ќе се одржи во Домот на млади. Линк до веста/извор	20.02.2024
9.	**biznisvesti.mk** **Штипските извидници ќе го одбележат Денот на извидниците со низа активности**	Во Штип ќе одржи централна прослава по повод Денот на извидниците, најави денеска Бојан Андонов, началник на Извидничкиот одред (ИО) „Еквинокс“.	22.02.2024

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
		По тој повод в сабота во Домот на млади ќе се организира крводарителска акција, изложба, како и продажба на рачно изработени предмети. Средствата кои ќе се соберат од продажбата на предметите ќе бидат употребени за реконструкција на просторијата на штипските извидници. -Организираме крводарителска акција, која ќе биде во просториите на Дом на млади и изложба „Извиднидите некогаш и денес“. Исто така ќе имаме продажба на производи изработени од нашите деца. Линк до веста/извор	
10.	**novamakedonija.com.mk** **Собрани 31 единица крв во Кичево за Светскиот ден на извидништвото**	Една од активностите на извидничкиот одред „Мирко Милески“ од Кичево, беше и крводарителната акција спроведена за Светскиот ден на извидништвото – 22 февруари. При оваа акција беа собрани вкупно 31 единица на крв, од кои повеќето беа подарени од кичевските извидници, додека помал дел на доброволци од градот. Во извидничкиот одред беа презадоволни од остварените резултати и посочија дека бројката ќе била и поголема, доколку дел од кичевските извидници не беа спречени да бидат дел од оваа крводарителна акција, поради обврски во други градови во земјава. Линк до веста/извор	23.02.2024
11.	**nezavisen.mk**	По повод Светскиот ден на извидниците, денеска во Домот на млади во Штип се одржа централната прослава. Учество	24.02.2024

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
	Во Штип се сообраа над 500 извидници по повод Светскиот ден на извидниците	земаа 520 извидници и 60 волонтери од тринаесетина градови од државата. Дарко Тошиќ од извидничкиот одред во Штип рече дека одбележувањето на самиот ден се заокружува со три паралелни настани – изложба, крводарителска акција и запознавање на историјатот за Штип, а се реализираат во просториите на Дом на млади – Штип. – Околу 500 изводници ширум земјата ќе одат да посетат девет културни точки за запознавање на град Штип. И секако имаме галерија, односно имаме изложба на стари фотографии, опрема и униформи, сето она што е карактеристично за извидниците. Посетителите ќе имаат можност да ги забележат и воочат разликите од пред 50 години, па се до денес, како еволуирало извидништвото и што е она што го задржуваме. Паралено на тоа се организира традиционална крводарителска акција за нашиот град, вели Тошиќ Линк до веста/извор	
12.	**zoom.mk** **Во Штип се сообраа над 500 извидници по повод Светскиот ден на извидниците**	Извидниците од Прилеп и Свети Николе велат дека се задоволни од организацијата. -Ние доаѓаме од извидничкиот одред „Феникс” од Прилеп, дојдовме околу 40 извидници. Да има интерес за млади извидници посебно кај тинејџерите, има	24.02.2024

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
		многу заинтересирани, па затоа сме во таков голем број, вели Андреа Николиќ, извидник од ,,Феникс”- Прилеп. Централната прослава лани беше реализирана во Прилеп. Од денешната изложба и продажбата на предмети ќе се собираат средства со кои ќе се реконструира просторијата на штипските извидници, која се наоѓа во Домот на млади. Линк до веста/извор	
13.	**telma.mk** **Во Штип се сообраа над 500 извидници по повод Светскиот ден на извидниците**	По повод Светскиот ден на извидниците, денеска во Домот на млади во Штип се одржа централната прослава. Учество земаа 520 извидници и 60 волонтери од тринаесетина градови од државата. Дарко Тошиќ од извидничкиот одред во Штип рече дека одбележувањето на самиот ден се заокружува со три паралелни настани – изложба, крводарителска акција и запознавање на историјатот за Штип, а се реализираат во просториите на Дом на млади – Штип. Линк до веста/извор	24.02.2024
14.	**mkd.mk** **Извидниците се собраа во Штип**	Околу 500 изводници ширум земјата ќе одат да посетат девет културни точки за запознавање на град Штип. И секако имаме галерија, односно имаме изложба на стари фотографии, опрема и униформи, сето она што е карактеристично за извидниците. Посетителите ќе имаат можност да ги забележаат и воочат	24.02.2024

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
		разликите од пред 50 години, па се до денес, како еволуирало извидништвото и што е она што го задржуваме. Паралено на тоа се организира традиционална крводарителска акција за нашиот град“, вели Тошиќ. Линк до веста/извор	
15.	**biznisvesti.mk** **Министерот Николовски и Сојузот на извидници во заедничка акција за пошумување „Боренка“**	Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, заедно со Сојузот на извидници денеска ќе учествува во акцијата за пошумување „Боренка“ што се организира по повод 21 Март, Светскиот ден на шумите и е дел од големата акција за пошумување „Ајде да пошумуваме заедно“. Линк до веста/извор	21.03.2024
16.	**brif.mk** **Министерот Николовски и Сојузот на извидници во заедничка акција за пошумување „Боренка“**	Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, заедно со Сојузот на извидници денеска ќе учествува во акцијата за пошумување „Боренка“ што се организира по повод 21 Март, Светскиот ден на шумите и е дел од големата акција за пошумување „Ајде да пошумуваме заедно“. Линк до веста/извор	21.03.2024
17.	**vestiplus.mk** **По повод Светскиот ден на шумите, министерот Николовски и Сојузот на**	Денеска, во месноста Богословец, во околината на Свети Николе, се одржа волонтерска акција за пошумување на опожарени површини „Боренка“, во организација на Сојузот на извидници на Македонија на која учествуваше и	21.03.2024

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
	<u>извидници успешно ја реализираа акција за пошумување БОРЕНКА</u>	министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски. Ова беше најдобриот начин заедно со децата извидници и многу волонтери, да се одбележи Светскиот ден на шумите и Денот на пролетта. Линк до веста/извор	
18.	**<u>skopje1.mk</u>** **<u>МакедонијаПо повод Светскиот ден на шумите, министерот Николовски и Сојузот на извидници успешно ја реализираа акција за пошумување БОРЕНКА</u>**	Во рамките на акцијата беа засадени 5000 садници од видовите бор, даб и багрем. Учествуваа деца волонтери од СУГС „Раде Јовчевски – Корчагин“, ООУ „11 Октомвр“и и ООУ „Димитар Миладинов“, извидници од Свети Николе и Штип, како и волонтери од Волонтерски Центар Скопје, вработени во министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП Национални шуми. Линк до веста/извор	21.03.2024
19.	**<u>makfax.com</u>** **<u>МакедонијаПо повод Светскиот ден на шумите, министерот Николовски и Сојузот на извидници успешно ја реализираа акција за пошумување БОРЕНКА</u>**	„Кога се нарушува шумскиот биодиверзитет, се нарушува животот на сите шумски жители. Тоа ја потенцира одговорноста што ја имаме ние како институции, но и секој од нас лично. Токму затоа зелената транзиција е една од нашите цели, а пошумувањето е на врвот на листата на приоритети. Затоа минатата година проектиравме пошумување на речиси 600 хектари со над 1.200.000 садници од разни шумски видови. И ова е остварено, остана уште мал дел да се реализра со пролетното пошумување, кое	21.03.2024

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
		веќе тече на локации во Кавадарци, Радовиш, Свети Николе, Пехчево, Берово, Делчево, Велес. Со исти планови продолжуваме и во 2024 година“, изјави Николовски. Линк до веста/извор	
20.	**opserver.mk** **По повод светскиот ден на шумите, Николовски и Сојузот на извидници реализираа акција за пошумување**	„Со цело срце ја поддржувам мисијата на „Боренка“ и она што тие го прават, учејќи ги нашите деца уште од најмали нозе, да ја сакаат и да ја почитуваат природата. Дете кое самото посадило дрво, придонело да никне нова шума, како што садат овие деца денеска, утре ќе биде лојален и свесен граѓанин. Овие деца никогаш нема да поддржат нелегална сеча, бидејќи ќе имаат развиена свест за значењето на шумите. Нивната мисија е многу благородна, тие денес со радост садат дрвја, знаејќи дека во новата шума ќе уживаат сите шумски жители, а индиректно и сите ние“ потенцираше Николовски. Линк до веста/извор	21.03.2024
21	**mtm.mk** **По повод светскиот ден на шумите, Николовски и Сојузот на извидници реализираа акција за пошумување**	Денеска, во месноста Богословец, во околината на Свети Николе, се одржа волонтерска акција за пошумување на опожарени површини „Боренка“, во организација на Сојузот на извидници на Македонија на која учествуваше и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски.	21.03.2024

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
		Во рамките на акцијата беа засадени 5000 садници од видовите бор, даб и багрем. Учествуваа деца волонтери од СУГС „Раде Јовчевски – Корчагин“, ООУ „11 Октомвр“и и ООУ „Димитар Миладинов“, извидници од Свети Николе и Штип, како и волонтери од Волонтерски Центар Скопје, вработени во министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП Национални шуми. Линк до веста/извор	
22.	**biznisvesti.mk** **По повод Светскиот ден на шумите, министерот Николовски и Сојузот на извидници реализираа акција за пошумување „Боренка“**	Учествуваа деца волонтери од СУГС „Раде Јовчевски – Корчагин“, ООУ „11 Октомвр“и и ООУ „Димитар Миладинов“, извидници од Свети Николе и Штип, како и волонтери од Волонтерски Центар Скопје, вработени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП Национални шуми. Николовски потенцираше дека шумите ни припаѓаат на сите, на целото човештво, тие се наш природен ресурс и планетарно богатство. Од нив, како што рече, зависат климатските промени, водните ресурси, биодиверзитетот, земјоделското производство, шумските екосистеми, економијата и уште многу други сегменти кои влијаат на квалитетот на живот на секој човек на планетава земја.	21.03.2024

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
		Линк до веста/извор	
23.	**plusinfo.mk** **Сојузот на извидници на Македонија слави 70-годишен јубилеј**	Бев водач на неколку генерации извидници на кои сум горда бидејќи сега се исполнети личности и општествено одговорни граѓани. Дефинитивно живеам како извидник и по она наше извидничко мото – еднаш извидник засекогаш извидник“, вели Снежана Јанковиќ за која, многу од нас слушнаа од видеото со грашокот на малиот Петар во кое тој се жалеше: „... таа Снежана мисли ние така, за грашок ќе се мачиме толку...“ Линк до веста/извор	25.03.2024
24.	**Facebook**	⛺ #СекојЕВажен СекојЕВажен, а извидници би додале - ,,Создаваме подобар свет". Ја разбираме потребата за реновација и изградба на нови планинарски домови, и ја поздравуваме нивната посветеност кон грижата за животната средина. Денес ги слушнавме нивните барање, и уште веднаш почнуваме со изнаоѓање начини за подобрување на оваа убава пракса во Македонија! МКЕUНема откажување од иднината ❗ Линк до веста/извор	09.04.2024
25.	**slobodenpecat.mk**	Сега, во изминативе шест години, над 1.500 деца и младинци поминаа низ	13.04.2024

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
	Приказна за извидништвото во Штип	извидничкиот одред „Еквинокс“, преку кој тие стекнуваат разни вештини и се развиваат како личности Линк до веста/извор	
26.	**ekran.mk** **Прво гостување на патувачкото кино на ЕХО во Кичево**	Ехо – фестивал на планински филм заедно со Montparnasse – Здружение за култура, уметност и креативни индустрии и Извидnички одред „Мирко Милески“ – Кичево ве кани на “Ехо – фестивал на планински филм & Kicevo Fusion Day”. Настанот ќе почне преку ден со интересни активности, а филмската програма ќе почне во 20 часот под отворено небо пред објектот на Извиднички одред „Мирко Милески“. Линк до веста/извор	01.06.2024
27.	**ekran.mk** **Центарот за младински активизам „Крик“ со кампања ДОНИРАЈ за да остваримe летување за лица со попреченост**	ЦМА Крик традиционално организира „Летни младински инклузивни кампови“ за млади со и без попреченост. Лани започнавме иницијатива „Одмори се“ за повозрасни корисници. Оваа година, со Извидници, ги здружуваме силите за да обезбедиме ОДМОР ЗА СИТЕ! Сеуште има време да направите донација преку која на лицата со попреченост ќе им се овозможи ова лето да побегнат од горештините и да се разладат во Охридското езеро.	11.07.2024

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
		Линк до веста/извор	
